Република Северна Македонија
МЕМО ДООЕЛ
Бр. 10-17056/2
06.11.2026 год.
Скопје

НАЦИОНАЛЕН ОПЕРАТОР НА ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА – МЕМО ДООЕЛ СКОПЈЕ

ПРАВИЛА ЗА АУКЦИСКА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ПОРТФОЛИОТО НА ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА ЗА 2027 ГОДИНА

Скопје, 06.11.2026 година

Врз основа на член 18 од Законот за користење на енергијата од обновливи извори („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 146/26), член 116 став (3) точка 13 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) и член 87 став (3) од Правилата за регистрација на учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/26) и Одлука за донесување на Правила за аукциска продажба на електрична енергија од портфолиото на повластени производители на електрична енергија со повластена тарифа за 2027 година бр.10-17056/1 од 06.11.2026 година, Националниот оператор на пазарот на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје, ги донесува следните:

ПРАВИЛА ЗА АУКЦИСКА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ПОРТФОЛИОТО НА ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА ЗА 2027 ГОДИНА

ВОВЕД

Со овие Правила се уредуваат предметот, условите, постапката и начинот на организирање и спроведување на аукциска продажба на електрична енергија од портфолиото на повластените производители на електрична енергија со повластена тарифа (во натамошниот текст: ППЕЕПТ), за периодот од 1 јануари до 31 декември 2027 година.

Националниот оператор на пазарот на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје (во натамошниот текст: „Продавачот“) ја организира и спроведува аукцијата, чиј предмет е продажба на електрична енергија преку договорно утврдени и потврдени номинации, во согласност со овие Правила и применливите прописи.

Составен дел на овие Правила се следните прилози:

Прилог 1 – Образец за пријава за учество на аукцијата;

Прилог 2 – Модел на договор за купопродажба на електрична енергија за 2027 година;

Прилог 3- Историски профили од производството на ППЕЕПТ

1. ПРЕДМЕТ НА АУКЦИЈАТА

Предмет на продажба

(1) Предмет на аукцијата е продажба на целокупното производство од инсталираниот капацитет на ППЕЕПТ со кој Продавачот има склучено договор за откуп на електрична енергија, за периодот од 1 јануари 2027 година во 00:00 часот до 31 декември 2027 година во 24:00 часот, преку часовен профил на електрична енеригија номинирани од страна на продавачот,

(2) Аукцијата за продажбата се одржува најмалку 14 дена од објавата на веб-страната на Продавачот со наведување на точниот датум, час и времетраење на истата.

(3) Количината на електрична енергија која е предмет на продажба е во ранг од 300 GWh до 550 GWh.

(4) Почетната цена по која Продвачот ја нуди електричната енергија од став(1) на оваа точка се наведува во објавата за Аукцијата.

(5) Продавачот ја продава, а Купувачот ја купува електричната енергија во количини утврдени со доставени номинации од страна на Продавачот, по единствената цена постигната на аукцијата, изразена во EUR/MWh, без вклучен данок на додадена вредност.

(6) Номинираните количини претставуваат договорни количини за купопродажба на електрична енергија, независно од последователните разлики помеѓу прогнозираното и фактички реализираното производство на ППЕЕПТ.

(7) Продавачот ја задржува балансната одговорност за производството на ППЕЕПТ вклучени во неговото портфолио, во согласност со член 18 и член 19 од Законот за користење на енергијата од обновливи извори.

(8) Со спроведувањето на аукцијата и склучувањето на договорот за купопродажба не се врши пренос на производните постројки или мерните места во балансната група на Купувачот, ниту пренос на балансната одговорност на Продавачот за ППЕЕПТ. Купувачот е одговорен за своите договорни и балансни позиции што произлегуваат од прифатените и регистрирани трансакции.

(9) Продажбата на електричната енергија не ги опфаќа гаранциите за потекло.

Производни мерни места и прогнози

(1) Продавачот пред спроведувањето на аукцијата обезбедува информативни податоци за портфолиото на ППЕЕПТ, со вкупна инсталирана моќност од 178 MW, вклучувајќи историски податоци претставени со дванаесет месечни профили од производството на електрична енергија (Прилог 3).

(2) Историските податоци се доставуваат во часовни интервали.

(3) Прогнозираното производство претставува информативна основа за планирање на продажбата на електрична енергија и подготовка на номинациите и не претставува гаранција за количината на електрична енергија што ќе биде фактички произведена.

(4) Продавачот ги администрира промените во составот на портфолиото и го известува Купувачот за познатите промени што можат да влијаат врз прогнозираното производство, вкупната инсталирана моќност и договорените количини на електрична енергија.

(5) Известувањето за познатите промени во портфолиото за наредниот месец се доставува, по правило, најдоцна до 20-тиот ден од тековниот месец, доколку Продавачот располага со соодветните информации.

Номинации и размена на податоци

(1) Продавачот, врз основа на расположливите производни прогнози, му доставува на Купувачот номинација (TPS-трговска трансакција) за денот на испорака Д најдоцна до 09:00 часот на денот Д-1 и истата претставува предмет на купопродажба за соодветниот ден на испорака.

(2) Номинацијата претставува потврдена договорна количина во согласност со применливите Правилата за регистрација на учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори (во натамошниот текст: пазарни правила) и правилата за балансирање на електроенергетскиот систем.

(3) Купувачот е должен да ја преземе и плати номинираната количина на електрична енергија по единечната цена постигната на аукцијата, во согласност со условите утврдени со договорот за купопродажба.

(4) Измената на номинацијата може да се изврши во рамките на дозволените рокови за промена на физичките распореди, со заемна согласност на договорните страни и со соодветно усогласување и регистрирање на изменетите количини.

(5) Доколку предложената измена на номинацијата не биде прифатена или не може да биде регистрирана во согласност со применливите правила, за договорните страни останува важечка последната валидна и потврдена номинација, освен доколку надлежниот оператор не утврди поинаков конечен физички распоред согласно применливите правила.

(6) Количините на електрична енергија што не се опфатени со потврдените договорни номинации не претставуваат предмет на купопродажба со Купувачот и можат да бидат предмет на дополнително тргување од страна на Продавачот, доколку тоа е дозволено со применливите прописи и пазарни правила.

Податоци за учесниците

(1) Продавачот пред спроведувањето на аукцијата им овозможува на заинтересираните субјекти кои ги исполнуваат условите за учество пристап до расположливите податоци за историското производство на електрична енергија од портфолиото на ППЕЕПТ.

(2) Податоците се обезбедуваат под еднакви услови за сите заинтересирани субјекти, во електронска форма и со соодветна временска грануларност.

(3) Добиените податоци можат да се користат исклучиво за подготовка на понуда, учество во аукцијата и проценка на количинските и пазарните ризици поврзани со предметот на продажбата.

(4) Во текот на извршувањето на договорот, Продавачот му обезбедува на Купувачот ажурирани информации за составот на портфолиото.

Критериум за избор

(1) Продавачот го избира Купувачот врз основа на најповолната валидна понуда за единечна цена на електрична енергија, изразена во EUR/MWh, изразена со две децимални места без вклучен данок на додадена вредност.

(2) За најповолна се смета понудата со највисока понудена цена, под услов учесникот да ги исполнува сите услови за учество и понудата да биде поднесена во согласност со овие Правила.

(3) Доколку две или повеќе валидни понуди содржат иста највисока цена, предност има понудата со првоевидентирано време на прием во Аукцискиот систем.

(4) Постигнатата цена на аукцијата претставува единствена договорна цена што се применува на сите потврдени номинирани количини на електрична енергија во текот на договорниот период.

2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Формални услови

(1) Право на учество на аукцијата има учесник кој е регистриран за учество на пазарот на електрична енергија на големо во Република Северна Македонија и е запишан во Регистарот на учесници на пазарот на електрична енергија со билатерални договори (во натамошниот текст: „Регистриран учесник"), согласно членовите 6, 22 и 23 од Правилата за регистрација на учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори, со уредена балансна одговорност и исполнети услови за вршење на соодветната енергетска дејност.

Пријава за учество на аукцијата

(1) Услов за учество на аукцијата е навремено и уредно доставување на пополнета Пријава за учество, согласно образецот утврден во Прилог 1 на овие Правила.

(2) Кон Пријавата за учество, подносителот ја доставува следната документација:

1. решение за упис во Регистарот на учесници на пазарот на електрична енергија со билатерални договори;
2. документ со кој се потврдува овластувањето на лицето за застапување и потпишување на пријавата и договорната документација;
3. доказ за обезбедено финансиско обезбедување за сериозност на понудата, согласно овие Правила;
4. изјава за прифаќање на условите утврдени со овие Правила и нивните прилози.

(3) Со поднесувањето на Пријавата за учество, подносителот потврдува дека е запознаен со содржината на овие Правила и ги прифаќа сите услови и обврски што произлегуваат од нив и од прилозите кои се нивен составен дел.

(4) Продавачот има право да побара дополнителни податоци, документи или појаснувања за утврдување на исполнетоста на условите за учество, при што на сите подносители им обезбедува еднаков третман и исти услови за дополнување на документацијата.

(5) Продавачот го задржува правото да побара дополнителни докази за исполнување на условите за учество до моментот на склучување на договорот за купопродажба на електрична енергија.

(6) Подносителот е должен без одлагање да го извести Продавачот за секоја промена на доставените податоци, правниот статус, пазарната регистрација или балансната одговорност што може да влијае врз неговото учество на аукцијата или исполнувањето на договорните обврски.

Финансиско обезбедување за сериозноста на понудата

(1) Подносителот, со Пријавата за учество е должен да достави финансиско обезбедување на понудата во форма на паричен депозит или неотповиклива банкарска гаранција платлива на прв повик, во износ од најмалку 30.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРМ на денот на уплатата односно издавањето на банкарската гаранција.

Доколку подносителот на пријавата за учество обезбеди финасиско обезбедување во форма на паричен депозит истиот е должен да го уплати на сметка бр. 300000004565923 во Комерцијална банка АД Скопје со назнака финасиско обезбедување за сериозност на понудата.

Доколку подносителот на пријавата за учество обезбеди финасиско обезбедување во форма на банкарска гаранција која ја доставува заедно со пријавата за учество која е со важност не помалку од 45 дена од денот на поднесување на пријава за учество.

(2) Висината на финансиското обезбедување на понудата се утврдува од страна на Продавачот пред објавувањето на аукцијата и претставува составен дел на објавените услови за учество.

(3) На паричниот депозит не се пресметува камата, доколку тоа е дозволено со применливите прописи и условите за неговото депонирање.

(4) На подносителите кои не се избрани за Купувач, финансиското обезбедување на понудата им се враќа, односно се ослободува, најдоцна во рок од три (3) работни дена од денот на објавувањето на конечните резултати од аукцијата, освен доколку постои основ за негово задржување согласно овие Правила.

(5) На избраниот Купувач финансиското обезбедување на понудата му се враќа, односно се ослободува, по склучувањето на договорот за купопродажба, и доставувањето на финансиското обезбедување за исполнување на договорните обврски.

(6) Доколку избраниот Купувач одбие да ги склучи договорот од став (5) или не го достави потребното финансиско обезбедување за исполнување на договорните обврски во утврдениот рок, Продавачот има право да го задржи паричниот депозит, односно да ја активира банкарската гаранција за понудата, во согласност со условите на обезбедувањето и применливите прописи.

(7) Избраниот понудувач е должен да го склучи договорот предвидени со овие Правила најдоцна до 15 декември 2026 година и да го достави потребното финансиско обезбедување за исполнување на договорните обврски.

3. ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Општи одредби

(1) Учесник на аукцијата е лице кое успешно ја завршило постапката за пријавување, ги исполнува условите за учество утврдени со овие Правила и чие учество е потврдено од страна на Продавачот.

(2) Учесникот е должен да ги почитува овие Правила, условите и упатствата за користење на платформата за Аукцискиот систем, како и применливите прописи со кои се уредуваат пазарот на електрична енергија, регистрацијата на пазарните учесници и балансната одговорност.

(3) Учесникот е должен без одлагање да го извести Продавачот за секоја промена на податоците доставени при пријавувањето, како и за секоја промена на правниот статус, балансната одговорност, овластувањата за застапување или финансиската состојба што може да влијае врз неговото учество на аукцијата или исполнувањето на договорните обврски.

(4) Учесникот е должен да го извести Продавачот за поведување стечајна или ликвидациска постапка, како и за други околности што можат суштински да влијаат врз неговата способност за исполнување на обврските кои произлегуваат од овие Правила.

(5) Учесникот одговара за точноста, целосноста и вистинитоста на податоците и документацијата доставени во постапката за пријавување, како и за содржината на понудите поднесени преку Аукцискиот систем.

(6) Учесникот е должен да ја обезбеди доверливоста и безбедноста на доделените пристапни податоци и да спречи нивно неовластено користење. Дејствијата извршени преку неговата корисничка сметка се сметаат за дејствија на учесникот, освен кога е утврдена неовластена употреба за која учесникот не одговара согласно применливите прописи.

(7) Со поднесувањето на понуда, учесникот потврдува дека ги прифаќа условите на конкретната аукција и дека располага со потребната правна, финансиска и оперативна способност за исполнување на обврските што би произлегле од прифаќањето на неговата понуда.

Исклучување на учесник

(1) Продавачот може да го исклучи учесникот од аукцијата доколку:

1. учесникот ги прекршил одредбите на овие Правила или условите за учество на аукцијата;
2. против учесникот е поведена стечајна или ликвидациска постапка, доколку таквата околност согласно применливите прописи и објавените услови претставува основ за исклучување;
3. учесникот го изгубил правото за учество на пазарот на електрична енергија;
4. престанала или повеќе не е соодветно уредена неговата балансна одговорност;
5. одлуката за прифаќање на пријавата е донесена врз основа на неточни, невистинити или нецелосни податоци од суштинско значење за исполнување на условите за учество;
6. учесникот престанал да постои како правен субјект;
7. учесникот презел дејствија со кои го загрозува интегритетот, безбедноста или правилното функционирање на Аукцискиот систем.

(2) Исклучувањето на учесникот се спроведува врз основа на образложена одлука на Продавачот, во која се наведуваат причините за исклучувањето.

(3) Продавачот без одлагање го известува учесникот за одлуката за исклучување, во писмена форма, преку електронска пошта или друг официјално определен канал за комуникација.

(4) Продавачот може да го исклучи учесникот во кое било време до завршувањето на аукцијата, доколку се утврди постоење на некоја од околностите од став (1) на овој дел.

(5) Исклучениот учесник го губи правото на понатамошно учество во конкретната аукција, а неговите претходно поднесени понуди се сметаат за неважечки.

Технички услови

(1) Поднесувањето на понуди и спроведувањето на аукцијата се врши преку електронскиот Аукциски систем определен од страна на Продавачот.

(2) Пристап до Аукцискиот систем имаат само учесниците на кои Продавачот им го потврдил правото на учество и им обезбедил соодветни кориснички пристапни податоци.

(3) Продавачот на учесниците им обезбедува информации и упатства за користење на Аукцискиот систем, вклучително и за начинот на најавување, поднесување понуди, следење на статусот на аукцијата и добивање известувања.

(4) Учесникот е должен да обезбеди соодветна техничка опрема, интернет-пристап и други предуслови потребни за користење на Аукцискиот систем.

(5) Учесникот е должен без одлагање да го извести Продавачот за забележани технички проблеми, неправилности или неовластен пристап што можат да влијаат врз неговото учество или врз правилното спроведување на аукцијата.

(6) Во случај на технички проблем што може да влијае врз еднаквиот третман на учесниците или врз правилноста на аукциската постапка, Продавачот постапува согласно одредбите од овие Правила со кои се уредуваат надзорот над аукцијата и исклучителните околности.

Ограничување на одговорност на Продавачот

(1) Продавачот не одговара за штета или трошоци настанати поради технички проблеми, прекини во интернет-комуникацијата, неисправност на опремата или други околности на страната на учесникот, врз кои Продавачот нема контрола.

(2) Продавачот не одговара за загуби или штета што произлегуваат од околности надвор од неговата разумна контрола, освен во случаи кога одговорноста не може да биде ограничена или исклучена согласно применливите прописи.

(3) Одредбите од овој дел не ја исклучуваат одговорноста на Продавачот за намерно постапување, груба небрежност или други случаи во кои ограничувањето или исклучувањето на одговорноста не е дозволено со закон.

4. НАДЗОР НАД АУКЦИЈАТА

(1) Продавачот го надгледува спроведувањето на аукцијата и обезбедува почитување на овие Правила, објавените услови за учество и начелата на транспарентност, објективност и недискриминација.

(2) Надзорот од став (1) на оваа точка 4 опфаќа проверка на правилноста на аукциската постапка, евидентирањето на понудите, почитувањето на утврдените рокови и примената на критериумите за избор на најповолен понудувач.

(3) Во случај на сомневање за неправилности при спроведувањето на аукцијата, Продавачот има право да изврши проверка на релевантните податоци, електронските записи и другата документација поврзана со аукциската постапка.

(4) Доколку со проверката од став (3) се утврди повреда на овие Правила, Продавачот презема соодветни мерки согласно одредбите за исклучување на учесниците, спроведување на аукциската постапка и постапување при исклучителни околности.

(5) Продавачот обезбедува евиденција за извршените проверки, утврдените неправилности и преземените мерки, со цел обезбедување проверливост и ревизорска следливост на аукциската постапка.

5. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА АУКЦИЈАТА

Пријавување

(1) Пријавувањето за учество на аукцијата се врши со доставување на документацијата утврдена во овие Правила, на начин и во рок определени во јавната објава. Продавачот ги проверува доставените пријави и ги известува подносителите за прифаќањето или одбивањето на нивното учество.

(2) На учесниците на кои им е одобрено учество, Продавачот им обезбедува пристап до Аукцискиот систем, упатства за негово користење.

Фази на аукцијата

(1) Аукцијата се спроведува во фази кои се спроведуваат во следниот редослед:

Фаза 0 – Пред-трговска фаза - Продавачот обезбедува пристап до Аукцискиот систем на учесниците на кои им е одобрено учество, овозможува проверка на техничката функционалност на системот и ги објавува почетната цена, времето на започнување и другите оперативни параметри на аукцијата.

Во оваа фаза не се поднесуваат понуди.Фаза 1 – Прибирање понуди - учесниците поднесуваат понуди преку Аукцискиот систем за единствениот и неделив годишен аукциски производ. Секоја понуда содржи понудена цена во EUR/MWh, без ДДВ, со две децимали за еден (1) MWh.

Во текот на оваа фаза, учесниците можат да ги изменуваат или повлекуваат понудите;

Фаза 2 – Пресметка на резултати - по завршувањето (истекувањето) на рокот за прибирање понуди Продавачот ја проверува валидноста на поднесените понуди, врши нивно рангирање според понудената цена, од највисока кон најниска и го утврдува најповолниот понудувач. Во случај на идентични највисоки понудени цени, предност има понудата која е порано евидентирана во Аукцискиот систем.

По завршувањето на проверката и рангирањето, Продавачот ги објавува привремените резултати од аукцијата;

Фаза 3 – Утврдување и објавување на конечни резултати - по истекот на рокот за приговори и по донесувањето на конечна одлука за преходно поднесените приговори, Продавачот ги утврдува и објавува конечните резултати, вклучувајќи го конечно-избраниот понудувач и постигнатата аукциска цена.

Со објавувањето на конечните резултати се создава обврска за избраниот понудувач да пристапи кон склучување на договорите предвидени со овие Правила.

(2) Датумот на одржување на аукцијата, времето на започнување и завршување, се утврдуваат во јавната објава за аукцијата.

Приговори и конечни резултати

(1) По објавувањето на резултатите, учесникот може да поднесе образложен приговор за неправилност во рок од три (3) дена.

(2) Продавачот одлучува по поднесените приговори врз основа на расположливите податоци и евиденцијата од Аукцискиот систем, во рок од три (3) дена, по што ги утврдува и објавува конечните резултати.

(3) Избраниот понудувач е должен да го склучи договорот за купопордажба во рок предвиден со овие Правила и да го достави потребното финансиско обезбедување за исполнување на договорните обврски.

(4) Доколку избраниот понудувач не ги исполни обврските од став (3), Продавачот може да ја понуди купопродажбата на следниот најдобро рангиран понудувач, по неговата понудена цена.

6. ИСКЛУЧИТЕЛНИ ОКОЛНОСТИ

(1) Исклучителни околности се сериозни технички или други настани што го оневозможуваат редовното спроведување на аукцијата. Продавачот ги утврдува мерките, ги известува учесниците и може да ја измени, прекине или откаже аукцијата.

(2) Околностите на страната на учесникот што го спречуваат пристапот до платформата не претставуваат сами по себе основан приговор против резултатот.

7. ФИНАНСИСКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И НАМИРУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ

(1) Купувачот на електричната енергија е должен да издаде во корист на продавачот финансиско обезбедување како гаранција за редовно и навремено извршување на обврските за плаќање на купената електрична енергија, согласно Договорот и издадените фактури.

(2) Финансиското обезбедување се утврдува во износ што покрива квартален период на испорака и наплата на електрична енергија, но не може да биде помало од 870.000.000,00 денари. Доколку пресметаната квартална вредност на купената електрична енергија е поголема од наведениот износ, финансиското обезбедување се утврдува во висина на таа поголема вредност од страна на продавачот.

(3) Финансиското обезбедување е со период на важност од петнаесет месеци од денот на неговото издавање. Доколку договорот продолжува да важи по истекот на едногодишниот период, купувачот е должен да издаде ново финансиско обезбедување најмалку 30 (триесет) денови пред истекот на важноста на претходното.

(4) Финансиското обезбедување може да се издаде во еден од следниве облици:

-меница, издадена на начин пропишан со Законот за меница (Службен весник на РМ бр. 3/02, 67/10, 145/15 и 173/22), проследена со нотарски акт со клаузула за извршност;

-банкарска гаранција, издадена од банка прифатлива за продавачот, со клаузула „безусловно", „без приговор", „на прв повик" или друга клаузула со исто значење;

-депозит во корист на продавачот.

(5) Купувачот чијашто вредност на активата, утврдена врз основа на последниот завршен пресметковен период согласно финансиските извештаи, изнесува 4.000.000.000,00 денари или повеќе, може да го издаде финансиското обезбедување во било кој од облиците наведени во став (4).

(6) Купувачот чија што вредност на активата, утврдена врз основа на последниот завршен пресметковен период согласно финансиските извештаи, изнесува помалку од 4.000.000.000,00 денари, финансиското обезбедување го издава исклучиво како банкарска гаранција или депозит, согласно став (4).

(7) Не е дозволено исполнувањето на условот за финансиско обезбедување на купувачот да се обезбеди или поддржи од страна на трети лица во корист на купувачот преку било какви форми на здружување или поддршка.

(8) Договорот стапува на сила, односно продавачот може да го услови почетокот или продолжувањето на испораката на електрична енергија, по доставување на валидно финансиско обезбедување кое ги исполнува сите услови од оваа точка.

(9) Во случај на доцнење, неплаќање или друго неисполнување на обврските на купувачот за плаќање на купената/испорачаната електрична енергија, продавачот има право непосредно да го наплати финансиското обезбедување, во рамки на неплатениот износ, без претходна согласност или судска одлука. Наплатата на финансиското обезбедување не го исклучува правото на продавачот да ги наплати и останатите неплатени обврски, камати, трошоци и други побарувања согласно Договорот. Купувачот е должен во рок не повеќе од 5 работни дена да го обнови или дополни доставеното финасиско обезбедување согласно извршената наплата од страна на Продавачот.

(10) Финансиското обезбедување се враќа, односно се поништува, по целосно и навремено извршување на сите обврски на купувачот за плаќање на електрична енергија и по истекот на периодот на важност.

8. ДОГОВОРНА КАЗНА

(1) Во случај на предвремено едностране раскинување на Договорот за купопродажба на електрична енергија од ППЕЕПТ од страна на Купувачот и во случај на предвремено раскинување на Договорот за купопродажба на електрична енергија од ППЕЕПТ поради непочитување на Договорот од страна на Купувачот, договорните страни се согласни дека Купувачот е должен да плати Договорна казна во висина од 300.000.000 денари.

9.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Раскинувањето не влијае врз правата на Продавачот за наплата на казнени камати, претрпена штета или активирање на средствата за финансиско обезбедување.

ПРИЛОГ 1 – ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО НА АУКЦИЈАТА

ПРИЈАВА ЗА АУКЦИСКА КУПОПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА 2027 ГОДИНА

ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО:
Назив на друштвото:
Адреса на седиште:
Држава:
Матичен број:
Даночен број (ЕДБ):
Законски застапник:
EIC код:
Статус на пазарот на големо / БОС:

БАНКАРСКИ ПОДАТОЦИ:
Назив на банката:
Адреса на банката:
Банкарска сметка (IBAN):
SWIFT/BIC код:

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЗА АУКЦИЈАТА:
Лице за контакт:
Телефон:
Електронска пошта:

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЗА ФИНАНСИСКО ПОРАМНУВАЊЕ:
Лице за контакт:
Телефон:
Електронска пошта:

Со поднесувањето на оваа Пријава, подносителот изјавува и потврдува дека:

1. Во целост е запознаен со Правилата за аукциска продажба на електрична енергија од портфолиото на повластени производители за 2027 година (во натамошниот текст: „Правилата"), условите за пријавување и учество на аукцијата и ги прифаќа сите права и обврски што произлегуваат од нив.
2. Лицето наведено како лице за контакт за аукцијата е овластено да учествува во аукциската постапка и да поднесува понуди кои создаваат обврски за подносителот на Пријавата.
3. Е запознаен дека правото на учество во аукцијата може да му биде одземено во случај на непочитување на Правилата, објавените услови за учество или применливите прописи.
4. Доколку биде избран за најповолен понудувач, се обврзува да го склучи Договорот за купопродажба на номинирани количини електрична енергија за 2027 година во роковите утврдени со Правилата.
5. Има уреден статус за учество на пазарот на електрична енергија на големо во Република Северна Македонија и регулирана балансна одговорност, самостојно или преку друга балансно одговорна страна, во согласност со применливите прописи.
6. Ги исполнува своите доспеани деловни и даночни обврски и се обврзува да ги обезбеди финансиските гаранции и другите инструменти за обезбедување предвидени со Правилата.

7. Против подносителот на Пријавата не се води кривична постапка поврзана со неговото деловно работење.

Кон Пријавата се доставуваат:

1. Документ со кој се докажува овластувањето на лицето што ја потпишува Пријавата и, доколку подносителот биде избран за Купувач, соодветните договори, доколку потписникот не е законски застапник.
2. Банкарска гаранција за сериозност на понудата во согласност со Правилата или уплатен паричен депозит.
3. Документација со која се докажува исполнувањето на условите за учество утврдени во Правилата и јавната објава за аукцијата.

При проверката на формалната исправност на Пријавата, Продавачот може да побара дополнителни документи или појаснувања потребни за утврдување на исполнетоста на условите за учество.

Место и датум: _____

Назив на подносителот: _____

Име и презиме на овластеното лице: _____

Потпис: _____

ПРИЛОГ 2 – МОДЕЛ НА ДОГОВОР ЗА КУПОПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА 2027 ГОДИНА

ДОГОВОР ЗА КУПОПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ППЕЕПТ

Склучен на ден [••.••.2026] година во Скопје, помеѓу:

1. НАЦИОНАЛЕН ОПЕРАТОР НА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА – МЕМО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Максим Горки бр. 12, Скопје, со ЕДБ 4080018576790 и ЕМБС 7309724, застапувано од Управителот Зоран Ѓорѓиевски, (во натамошниот текст: „Продавач"), и

2. [Назив на друштво], со седиште на ул. [••] бр. [••], [Град], со ЕДБ [••] и ЕМБС [••], трансакциска сметка бр. [••], депонент на [Банка], застапувано од [Име и презиме], [Управител / Овластено лице] (во натамошниот текст: „Купувач").

Продавачот и Купувачот во натамошниот текст заеднички се нарекуваат „Договорните страни".

Член 1

Предмет на договорот

(1) Со овој Договор се уредуваат условите за купопродажба на електрична енергија од портфолиото на повластените производители на електрична енергија со повластена тарифа согласно резултатите од одржаната аукција и правилата за аукциска продажба на електрична енергија од портфолиото на повластени производители на електрична енергија со повластена тарифа за 2027 година, за периодот од 1 јануари до 31 декември 2027 година.

(2) Со склучувањето на овој Договор не се пренесуваат производните постројки, мерните места или балансната одговорност на Продавачот за ППЕЕПТ. Гаранциите за потекло не се предмет на купопродажба.

Член 2

Договорна цена

(1) Договорната цена изнесува [износ] EUR/MWh, без данок на додадена вредност, и претставува единствена цена за сите номинирани количини во текот на договорниот период. Цената е утврдена врз основа на конечните резултати од аукцијата.

Член 3

Договорна количина

(1) Договорната количина за секој пресметковен интервал претставува последната валидно потврдена и регистрирана номинација, изразена во MWh. Историските податоци, производните прогнози и проценетите годишни количини имаат информативен карактер и не претставуваат гарантирани количини за испорака.

Член 4

Номинации

(1) Продавачот, врз основа на расположливите производни прогнози, му доставува на Купувачот номинација за денот на испорака Д најдоцна до 09:00 часот на денот Д-1. Потврдувањето, усогласувањето и регистрацијата на номинацијата се вршат во согласност со применливите правила за доставување физички распореди.

(2) Договорна обврска за испорака и преземање на електрична енергија настанува за билатерално потврдените количини за кои е успешно завршена постапката за усогласување и регистрација.

Член 5

Измена на номинации

(1) Продавачот може да предложи интрадневна измена на номинираните количини врз основа на ажурирана производна прогноза. Измената се спроведува со заемна согласност на Договорните страни и во рамките на дозволените рокови за регистрација. Продавачот го задржува правото да тргува на пазарот ден-однапред и на пазарот во тековниот ден со количини кои не се опфатени со важечки договорни номинации, во согласност со применливите пазарни правила.

Член 6

Балансна одговорност

(1) Продавачот ја задржува балансната одговорност за производството на повластените производители на електрична енергија со повластена тарифа вклучени во неговото портфолио, согласно Законот за користење на енергијата од обновливи извори и применливите правила за балансирање.

Член 7

Фактурирање

(1) Продавачот издава месечна фактура врз основа на збирот на потврдените и регистрирани номинирани количини во соодветниот месец, помножен со договорната цена, согласно следната формула:

$$V = \sum (Q_t \times P)$$

каде што:

- V – вкупна вредност на испорачаната договорна електрична енергија, без ДДВ;
- Q_t – потврдена номинирана количина во пресметковниот интервал t, во MWh;
- P – договорна цена во EUR/MWh.

(2) Продавачот издава фактура за претходниот месец најдоцна до 5-тиот ден од тековниот месец, а Купувачот е должен да ја плати најдоцна до 15-тиот ден од истиот месец, согласно условите утврдени со овој Договор.

(3) Исправка на фактура се врши во случај на докажана грешка во евиденцијата на потврдените номинации или во пресметката.

Член 8

Финансиско обезбедување за редовно и навремено извршување на обврските

(1) Купувачот е должен да обезбеди финансиско обезбедување за редовно и навремено извршување на обврските за плаќање, во форма на меница, паричен депозит или неотповиклива банкарска гаранција платлива на прв повик, согласно условите наведени во точка 7 став 5 и 6 од Правилата за аукциска продажба во износ од [износ] и со рок на важност до [датум].

(2) Продавачот има право да го активира финансиското обезбедување за редовно и навремено извршување на обврските, во согласност со овој Договор и условите на инструментот за обезбедување. Купувачот е должен да го обнови или дополни обезбедувањето во рок од 5 работни дена доколку неговата вредност се намали под договорениот или дополнително пресметаниот износ.

Член 9

Неисполнување и раскинување

(1) Овој договор може да се раскине едностране од страна на Продавачот поради суштинско прекршување на Договорот од страна на Купувачот. За суштинско прекршување на Договорот се смета:

- неплаќањето на доспеаните фактури во рокот утврден во Член 7 од овој Договор;
- недоставувањето, необновувањето или недополнувањето на финансиското обезбедување согласно роковите и условите од Член 8 од овој Договор и Точка 7 од Правилата за аукциска продажба;
- неоправданото одбивање, пропуштање или непреземање на номинирани количини на електрична енергија согласно Член 4 од овој Договор.

(2) Во случај на прекршување на обврските од став (1) алинеи 2 и 3 од овој член, Продавачот доставува писмена опомена до Купувачот со оставање дополнителен рок од 3 (три) работни дена за отстранување на повредата.

(3) Доколку Купувачот не ја отстрани повредата во рокот од став (2) на овој член, Продавачот има право со писмена изјава едностране предвремено да го раскине овој Договор.

(4) Во случај на неплаќање на доспеаните фактури (став 1 алинеја 1), Продавачот има право веднаш и без претходна опомена да пристапи кон директна наплата од доставеното финансиско обезбедување до висината на долгот, заедно со пресметаната законска казнена камата, согласно Член 8 став (2) од овој Договор. Доколку во рок од 5 (пет) работни дена по извршената наплата Купувачот не го обнови или дополни финансиското обезбедување како што тоа е определено согласно член 7 од Правила за аукциска продажба на електрична енергија од портфолиото на повластени

производители на електрична енергија со повластена тарифа за 2027 година, Продавачот има право веднаш едностранo да го раскине Договорот.

(5) Раскинувањето на Договорот не влијае врз правото на Продавачот за наплата на доспеаните парични побарувања, наплата на пресметаните законски казнени камати согласно член 265 од Законот за облигационите односи, активирање на финансиското обезбедување, наплата на договорната казна од Член 10, како и наплата на целосен надомест на штета.

Член 10

Договорна казна

(1) Во случај на предвремено едностранo раскинување на Договорот од страна на Купувачот и во случај на предвремено раскинување на Договорот поради непочитување на Договорот од страна на Купувачот, согласно член 9 став 3 од овој Договор, договорните страни се согласни дека Купувачот е должен да плати Договорна казна во висина од 300.000.000 денари. Купувачот изречно изјавува и потврдува дека е согласен со оваа договорна казна.

(2) Во случај Купувачот да задоцни со доставувањето, продолжувањето, обновувањето или дополнувањето на финансиското обезбедување согласно роковите од Член 8 од овој Договор, Продавачот има право едностранo да го раскине договорот и да ја наплати договорната казна утврдена во став 1 на овој член..

(3) Продавачот има право износот на доспеаната договорна казна од овој член да го наплати директно од положеното финансиско обезбедување на Купувачот. Доколку износот на финансиско обезбедување не ја покрива висината на договорната казна, Продавачот има право ја наплати договорната казна од целокупниот имот и средства на Купувачот, како и од сите трансакциски сметки кај носителите на платниот промет кои Купувачот ги има отворено или ќе ги отвори.

Член 11

Виша сила

(1) Договорната страна која поради настан на виша сила е спречена да исполни определена договорна обврска е должна без одлагање да ја извести другата страна, да ги наведе причините и очекуваното времетраење на спреченоста и да преземе разумни мерки за ограничување на последиците. За времетраењето и правните последици од вишата сила се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и другите применливи прописи, при што настанот не ги поништува автоматски претходно доспеаните обврски за плаќање.

Член 12

Спорови и завршни одредби

(1) Договорните страни настојуваат сите спорови што произлегуваат од овој Договор да ги решат спогодбено. Доколку не се постигне спогодба, за решавање на спорот е надлежен [стварно и месно надлежен суд]. За толкувањето и примената на овој Договор се применува правото на Република Северна Македонија.

(2) Составен дел на овој Договор се Правилата за аукциска продажба на електрична енергија за 2027 година и Договорот за номинација и оперативно усогласување. Измените и дополнувањата на овој Договор се вршат во писмена форма, со согласност на двете Договорни страни.

ЗА ПРОДАВАЧОТ:

Име и презиме: _____


Потпис: _____


ЗА КУПУВАЧОТ:

Име и презиме: _____

Потпис: _____

Прилог 3- Историски профили од производството на ППЕЕПТ








Часовно производство ППЕЕПТ — Април 2025
160000,0
140000,0
120000,0
100000,0
80000,0
60000,0
40000,0
20000,0
,0
kWh
01.04
06.04
11.04
16.04
21.04
26.04
01.05
Датум


Часовно производство ППЕЕПТ — Мај 2025
140000,0
120000,0
100000,0
80000,0
60000,0
40000,0
20000,0
,0
kWh
01.05
06.05
11.05
16.05
21.05
26.05
31.05
Датум


Часовно производство ППЕЕПТ — Јуни 2025
120000,0
100000,0
80000,0
60000,0
40000,0
20000,0
,0
kWh
01.06
06.06
11.06
16.06
21.06
26.06
01.07
Датум



Часовно производство ППЕЕПТ — Јули 2025
90000,0
80000,0
70000,0
60000,0
50000,0
40000,0
30000,0
20000,0
10000,0
,0
kWh
01.07
06.07
11.07
16.07
21.07
26.07
31.07
Датум


Часовно производство ППЕЕПТ — Август 2025
90000,0
80000,0
70000,0
60000,0
50000,0
40000,0
30000,0
20000,0
10000,0
,0
kWh
01.08
06.08
11.08
16.08
21.08
26.08
31.08
Датум


Часовно производство ППЕЕПТ — Септември 2025
100000,0
80000,0
60000,0
40000,0
20000,0
,0
kWh
01.09
06.09
11.09
16.09
21.09
26.09
01.10
Датум







МЕМО ДООЕЛ Скопје

Управител

Зоран Ѓорѓиевски